**Д О П И С Е Н   К У Р С**

Лекција 11

## ВИСТИНАТА ЗА ИСУС ХРИСТОС

Во претходната лекција видовме дека Бог му ветил на Аврам потомок кој ќе донесе благослов за сите луѓе. На Давид Бог му ветил син, кој ќе владее како цар засекогаш. Тоа е Господ Исус Христос во кого се исполнуваат сите овие ветувања. Името и титулата "Исус Христос" значи "Спасител, Помазаник". Еврејскиот збор за ´Христос´ или ´Помазаник´ е ´Месија´, и многу векови пред Исус да се роди Евреите го барале нивниот Месија, Синот од Давид, кој ќе ги покори нивните непријатели и ќе им даде почесно место меѓу луѓето во светот.

Чудата кои Исус ги направил убедиле многумина дека тој навистина бил Месијата, и кога влегол во Ерусалим само неколку дена пред неговата смрт, толпа од луѓе му посакала добредојде со радост, и викање.

*"Хосана за Синот од Давид Благословен е тој кој доаѓа во името на Господ!"* (Матеј 21:9).

Евреите очекувале дека Исус ќе ја искористи својата чудотворна моќ за да ги води нив во победа над Римјаните, кои ја освоиле земјата пред околу стотина години. Тие дури помислувале со сила да направат цар од него (Јован 6:15). Тие не ги разбирале зборовите од нивните пророци, кои претскажувале дека Месијата мора прво да умре на крст за да го спаси својот народ од нивните гревови.

*"Тој беше презиран и отфрлен од луѓето . . . тој беше прободен заради нашите престапи . . .тој беше откинат од земјата на живите; заради престапите на моите луѓе тој беше убиен."* (Исаија 53:3-8).

А со неговото враќање тој ќе ги исполни ветувањата за неговото владеење како цар:

*"Царството на светот постана царство на нашиот Господ и од неговиот Христос, и тој ќе владее засекогаш."* (Откровение 11:15).

### Човекот Христос Исус, Син на Бог

Ангелот Габриел и рекол на Марија дека Господ Бог на нејзиниот син Исус ќе му го даде престолот од неговиот татко Давид, и дека ова царство нема да има крај *"Како ќе се случи ова,"* Марија го прашала ангелот, *"со оглед на тоа дека јас сум девица?"* Ангелот одговорил, *"Светиот Дух ќе дојде врз тебе, и силата од Севишниот ќе те осени. Така светото што ќе се роди ќе биде наречен Синот од Бог."*. (Лука 1:31-35).

Начинот на кој што размислуваат луѓето не им дозволува да го разберат ова зачнување на Исус преку чудо: но ако ние веруваме дека Бог ја создал вселената, ние можеме да веруваме дека Неговата моќ е доволна за да се изведе такво чудо, нешто што е надвор од обичното делување на природата.

*"Но кога времето дојде до своето исполнување, Бог го прати својот Син, роден од жена . . ."* (Галатјаните 4:4). Така Исус бил човек, "роден од жена", Марија, од куќата на Давид. Затоа тој е Син на Давид и Син на Бог. Важно е да се разбере дека и покрај тоа што тој бил зачнат со чудо со помош на моќта од Светиот Дух, тој исто така бил вистински човек, споделувајќи ја нашата човечка природа. *"Како што децата имаат месо и крв, тој исто така ја споделуваше нивната човечка природа . . ."* (Евреите 2:14). Изразот кој тој најчесто го користел за себе, бил ́Човечки Син.

*"Како што многумина умреле заради престапот на* ***еден човек*** *(Адам), толку повеќе милоста и подарокот од Бог кои дојдоа преку милоста на* ***еден човек,*** *Исус Христос, се излеа врз многумина!"* (Римјаните 5:15). Неуспехот на **човекот** Адам е овде поставен наспроти победата на **човекот** Исус Христос, кој никогаш не згрешил. Тоа беше човек кој ја донесол смртта врз човештвото, а тоа е човекот Исус Христос, кој им носи надеж за живот на сите кои тој ги повикува на живот во вера.

*"Зашто има еден Бог и еден посредник помеѓу Бог и луѓето, човекот Христот Исус."* (1Тимотеј 2:5). Човечката природа на Исус овде повторно е нагласена, и можеме да почнеме да ја разбираме врската помеѓу Исус и неговиот Татко. Има јасно повлечена разлика помеѓу еднинствениот Бог и човекот Христос Исус.

## Син и Татко

Речиси насекаде меѓу Христијаните се подучува дека Исус е Бог Синот, кој во секој поглед е еднаков со Бог Таткото; дека Бог всушност е три лица, сите еднакви, третото лице е Бог Светиот Дух. Ова е учењето за Тројството, кое било во потполност дефинирано дури околу четиристотини години по смртта на Христос. Записите ова не го кажуваат, и не било подучувано меѓу раните генерации на Христијани.

Вистинската врска на Син и Татко е искажана во овие зборови во писмото до Евреите:

*"За време на деновите од животот на Исус на земјава, тој кажувал молитви и молби, гласно викајќи и плачејќи, упатени кон* ***оној кој можел да го спаси од смрт,*** *и тој бил слушнат заради неговото потчинување полно со почит."* (Евреите 5:7,8).

Ваква молитва била кажана во Гетсиманската градина: "Татко, ако е според твојата волја, нека оваа чаша (на смртта) ме одмине; сепак **не мојата волја, туку твојата, нека биде**" (Лука 22:42).

Што се однесува до претпоставката за еднаквост на Синот и Таткото: Исус рекол, *"Таткото е поголем од мене . . .Јас го правам точно она што мојот Татко ми го заповеда"* (Јован 14:28,31). Некои велат дека ваквата врска била вистинита само за време на неговиот земен живот; но дури и по неговото воскреснување тој му се обраќа на Таткото како *"мој Бог"* (Откровение 3:12). Павле пишува, *". . . главата од Христос е Бог"* (1Коринтјаните 11:3).

Најјасната потврда дека Синот не е еднаков со Таткото може да се најде во Првото писмо од Павле до Коринтјаните. Кажувајќи за времето кое доаѓа кога Христос ќе владее, тој пишува,

*"Тогаш крајот ќе дојде, кога тој ќе му го предаде царството на Бог Таткото откако тој ги уништил сите влади, авторитети и сили .. . Откако ќе го направи ова, тогаш*

*Синот лично ќе му се потчини на оној кој стави сѐ под него, така што Бог може да биде се во се"* (1Коринтјаните 15:24,28).

Исус се усовршил преку страдање:

*"И покрај тоа што тој бил син, страдајќи тој научил да биде послушен, и штом еднаш се усоврши, тој постанал извор на вечно спасение за сите кои му се послушни"* (Евреите 5:8,9). Ако се усовршил преку страдања, не е можно дека тој можел да живее на небесета, како Бог Синот, пред да биде роден од Марија. Ако тој бил Бог Синот, тогаш тој веќе бил совршен.

Исус бил човек; тој се уморувал, понекогаш бил гладен и жеден, тој бил искушуван на истиот начин на кој што и ние сме искушувани. Сепак затоа што тој бил Синот од Бог бил способен им да даде отпор на сите искушенија и да остане безгрешен. Заради ваквата послушност, а не заради тоа што тој бил Бог Синот, бил кренат од мртвите.

*". . . тој се покори себе си и постана послушен до смрт . . . Заради тоа Бог го воздигна него до највисокото место и му го даде името кое е над сити имиња, дека во името на Исус секое колено треба да се свитка . . . за славата од Бог Таткото"* (Филипјаните 2:8-11).

## Заклучок

Исус е Синот од Бог, роден од девица, но не со помош од татко човек, туку со моќта од Бог. Тој е исто така вистински човек, но за разлика од другите луѓе тој бил безгрешен, и се усовршил преку страдања, во послушност кон вољата од неговиот Татко. Врската помеѓу Исус и Бог е навистина како врска на Син и Татко

Заради неговата послушност Бог го кренал од мртвите во вечна слава при неговата десна рака.

## Прашања

11.1 Напишете два стиха од кои се гледа дека Исус не е еднаков со Таткото.

11.2 Зошто Бог го кренал Исус од мртвите?